РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 08-4032/1
18.10 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на, член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 05/02), член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 23 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка " бр. 08/10,08/14,02/18, 03/19, 08/2021), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за утврдување на постапката за прибирање и разгледување на предлог- активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува постапката за прибирање и разгледување на предлог - активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година.

Средствата кои ќе бидат предвидени во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2023 година ќе се распределуваат пред сé заради поддршка во остварување, унапредување и промоција на активностите од областа на културата во општината.

### Член 2

Прибирањето на предлог- активности ќе се врши на Јавен повик за прибирање предлог - активности за организриање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година, кој ќе се објави согласно овој Правилник.

### Член 3

Како подносители на предлог активности за организирање на културни манифестации на Општина Крива Паланка за 2023 година можат да се јават: јавни установи, здруженија, фондации и други правни лица кои имаат регистрирана дејност од областа на културата, а кои ги исполнуваат следните критериуми:
- да се регистрирани како јавна установа, здружение на граѓани, фондација и други правни лица кои имаат регистрирана дејност од областа на културата, согласно законот и истите да се со седиште на територија на општина Крива Паланка како матична општина;

- да придонесуваат за збогатување на културниот живот во општината;

- да придонесуваат за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Крива Паланка;

- да го потикнуваат и афирмираат локалното творештво на локалните уметници;

- да се грижат за унапредување на соживотот меѓу заедниците;

- да обезбедат континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации кои се од локален карактер;

**Член 4**

Предлог - активностите за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година ќе бидат разгледувани од страна на општинска Комисија за разгледување на предлог- активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година , формирана од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Комисијата од став 1 на овој член се формира од членови- административни службеници вработени во Општина Крива Паланка.

Членовите на Комисијата при разгледување на пристигнатите документи се должни да потпшат Изјава за непостоење судир на интереси (Прилог 1).

Во случај на постоење на судир на интереси помеѓу одреден член на Комисијата и одреден подносител на предлог-проект, членот на Комисијата е должен веднаш да се изземе од понатамошната постапката на разгледување на барањата.

Комисијата при разгледувањето на предлог-активностите доставени по Јавен повик за прибирање предлог - активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година, утврдува кои предлог-активности ги исполнуваат, а кои не ги исполнуваат условите согласно овој Правилник.

Комисијата по разгледување на поднесените предлог-активности составува записник кој во писмена форма го доставува до Градоначалникот на Општината во рок од 7 (седум) дена од завршување на Јавниот повик.

Градоначалникот по добивање и разгледување на записникот од Комисијата, предлага Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2023 година до Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Подносителите на предлог-проектите кои ќе учествуваат на Јавниот повик потребно е да достават:

- барање со основни информации за подносителот (име на организацијата, адреса, телефонски број, е- маил адреса, лице за контакт), краток опис на организацијата, предлог-активност за конкретна манифестација, опис на активностите кои ќе се преземат и придонесот од наведената манифестација, потребен буџет како и опис на потребите од буџетот;

- доказ за регистрација за вршење на дејност од областа на културата со седиште на територија на општина Крива Паланка (тековна состојба од Централен регистар)

Барањата со целокупната документација се доставува во писмена форма до општинската архива со назнака „До Општина Крива Паланка, Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, за Јавен повик од областа на културата“.

**Член 6**

Јавниот повик за прибирање барања за предлог - активности за организриање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година ќе биде објавен на официјалната веб страна на Општина Крива Паланка www.krivapalanka.gov.mk и ќе трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето.

**Член 7**

Барањата кои ги исполуваат условите, а кои ќе бидат од најголем интерес за развој и унапредување на културата во градот, ќе бидат дел од Програмата за активностите на Општина Крива Паланка  во областа на културата и културните манифестации за 2023 година.

**Член 8**

За предлог-активностите  кои ќе бидат дел од Програмата за активностите на Општина Крива Паланка  во областа на културата и културните  манифестации за 2023 година подносителите ќе потпишат договор со Општина Крива Паланка.

**Член 9**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

Бр.

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

***Прилог 1***

**Изјава за непостоење судир на интереси**

Врз основа на член 4 став 3 од Правилник за утврдување на постапката за прибирање и разгледување на предлог- активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година, ја давам следната

**ИЗЈАВА**

Јас ______________________________________ (име и презиме), во својство на член на Комисијата за разгледување на предлог- активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година, именуван од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка со Решение бр. _____________________ не сум во состојба на судир на интереси и немам приватен интерес при разглеувањето на барањата или било каква друга материјална и нематеријална корист како резултат на моето учество во постапката.

Датум
Место

Изјавил,

______________________

/име и презиме-потпис/